Овој проект е финансиран од Европската Унија

# Е-Билтен бр.16
## Јули 2018

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на АкРРа (Акција за рурален развој) и во никој случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.



## Национален рурален парламент како глас на руралното население


Ул.:„Коста Веселинов„ бр. 3а,
1000 Скопје
Р. Македонија
Т: +389 (2) 3075 506
F: +389 (2) 3075 503
email: info@ruralnet.mk
zg.akrra@yahoo.com


Партнери на проектот

CNVP

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АкРРа
АКЦИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Национален рурален
парламент како глас на
руралното население

е - билтен
бр.16
Јули 2018

# Граѓанскиот сектор активно ќе се вклучи во креирање политики за рурален развој

Претставници на повеќе од 40 граѓански организации од Западна и Источна Македонија, кои работат на различни теми во областа на руралниот развој, активно се вклучија во процесот на градење на капацитетите поврзани со анализа и креирање на политики за рурален развој, спроведуван од страна на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население". За оваа цел, проектот реализираше циклус од три обуки во Охрид и во Пехчево, во периодот од февруари до јуни, 2018 год.

Првата од серијата од три дводневни обуки се одржа во Охрид, од 31-ви јануари до 2-ри февруари, за организациите од Западна Македонија и во Пехчево, од 7-ми до 9-ти февруари за граѓанските организации од Источна Македонија. Преку оваа обука, учесниците се здобија со знаења за политиките за рурален развој на национално ниво и на ниво на ЕУ и стекнаа вештини за читање, интерпретирање и елаборирање на политиките.

Втората обука на тема „Застапување базирано на истражување", беше одржана во Охрид, во периодот од 9-ти до 11-ти мај и во Пехчево, во периодот од 16-ти до 18-ти мај. Во рамките на оваа обука беа опфатени различни методологии за спроведување на истражувања кои се од интерес на руралните граѓански организации, методологија на обработка и анализа на добиените податоци од спроведените истражувања како и соодветно користење на добиените резултати во процесот на застапување на интересите на руралното население пред локалната/националната власт.











Третата и последна обука од овој циклус, посветена на „Остварување одржлив дијалог меѓу руралните граѓански организации и локалните / националните власти во областа на руралниот развој“ се одржа во Пехчево од 6 – 8 јуни и во Охрид од 26 - 28 јуни. Преку оваа обука, претставниците на граѓанските организации имаа можност да стекнат технички вештини како да управуваат со дијалог со други засегнати страни / носители на одлуки, како да воспостават партнерства, како да спроведуваат мрежни активности и како да вршат активности за лобирање и застапување.

„Без обединет и јак граѓански сектор не можеме да очекуваме дека ќе имаме развиени средини, бидејќи граѓанскиот сектор е движечката сила во мобилизација на ресурсите во руралните средини – човечки и природни.“ – истакна Петар Ѓоргиевски, претседател на Мрежата за рурален развој на Република Македонија, која обединува повеќе од 83 граѓански организации од цела Македонија. Тој додаде дека ќе се работи на зголемување на вклученоста на локалните жители во подготовката на стратегии и програми, како единствено одржливо средство за функционални мерки за рурален развој.











Низ еден ваков процес на градење на капацитетите на граѓанскиот сектор, проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“ се стреми кон воведување на партиципативен пристап во креирањето на политиките за рурален развој и создавање партнерства помеѓу граѓанскиот и владиниот сектор во донесувањето на заеднички одлуки за подобрување на животот во руралните средини.

Национален рурален
парламент како глас на
руралното население

е - билтен
бр.16
Јули 2018

# Избрани проекти за поддршка од Програмата за Мали Грантови во рамки на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“

Преку под-грантовата шема за финансиска помош во рамките на проектот **„Национален рурален парламент како глас на руралното население“**, на 15 март, 2018 год. беше отворен повик за поддршка на проекти на граѓански организации активни во рурални средини. Целта на ваквото под-грантирање е да се зајакне соработката помеѓу граѓанските организации и да се подобри нивниот дијалог со клучните чинители, како локалните власти и приватниот сектор вклучен во руралниот развој во Македонија.

За сите заинтересирани организации, беа организирани информативни состаноци, со цел подетално запознавање со критериумите и условите за аплицирање во овој повик. Граѓанските организации имаа можност да присуствуваат на некој од инфо состаноците одржани на:

- 21 март во 11:00 часот, во хотел „Капри“, Битола,
- 23 март, во 11:00 часот, во ресторан „Грација“, Куманово,
- 26 март, во 11:00 часот, во ресторан „Принц“, Тетово,
- 28 март, во 11:00 часот, во хотел „Есперанто“, Струмица.

Повикот од Програмата за Мали Грантови објавен во рамки на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“, беше затворен на 15 април, 2018 год. Навремено беа доставени вкупно 44 проектни апликаци кои опфатија 88 граѓански организации кои работат во областа на руралниот развој.












По спроведената административна и квалитативна проверка на проектните апликации, тимот за евалуација ги селектираше највисоко рангираните 10 проекти кои добија финансиска поддршка од Програмата за мали гран-

тови. Планираните активности во рамки на овие проектни иницијативи ќе бидат спроведени најдоцна до јануари 2019 год. За реализација на 10-те селектирани проектни иницијативи, се издвоени вкупно 3.684.000 денари од буџетот на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“.

На 14 мај, во ЕУ Инфо Центарот во Скопје, беа потпишани договори со селектираните апликанти и истите веќе започнаа со спроведување на планираните активности.

| | Апликант | Партнер | Наслов на пријавата |
|---|---|---|---|
| 1 | Рурална коалиција Куманово | Здружение за развој, едукација и еколошка етика-ПОЛИМАТ 13 | Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница |
| 2 | Здружение за унапредување и развој на образованието на возрасни „Мрежа за доживотно учење“ Тетово | Здружение за рурален развој ЛАГ Скардус Јагуновце | Доживотно учење за рурален развој |
| 3 | Мултиетничко и невладино женско здружение „Линда“ Куманово | Фондација за развој на мали и средни претпријатија Куманово | Преку заеднички настап и застапување до успешен бизнис на земјоделци во Липково и Старо Нагоричане |
| 4 | Здружение за заштита на животната средина културно - историските знаменитости и човековото здравје ИЗВОР Кратово | Здружение ЕКОКРАТЕР КРАТОВО - Кратово | Туристички Е-Портал на руралните подрачја од Североисточен регион |
| 5 | Здружение на производители на градинарски и цвеќарски видови „ХОРТИ ЕКО“, Струмица | Здружение за образовно-едукативни цели ДМ ЛЕНГУИЦЕС | Јакнење на капацитетите на граѓанските организации заради постигнување повисоко ниво на одржливост и репрезентативна моќ |
| 6 | Центар за одрживост и напредна едукација | Здружение за одржлив развој ПЕЛИСТЕР с.Ротино | Услуга +- Финансиско зајакнување на локалните рурални организации преку зголемување на нивните капацитети за испорака на наплатливи услуги кон членството |
| 7 | Здружение Креативен центар РУРБАНКУЛТ-Струга | Здружение на пчелари МАТИЦА 2012 Струга | ОРГАНСКА ФАРМА-Рурална кохезија за зголемен потенцијал на руралниот туризам и одржлив економски рурален развој |
| 8 | Здружение на жени земјоделки АГРО-ВИНКА Виница | Здружение Радика-Де Дебар | Економско јакнење на руралните жени од различни етникуми од Источниот и Западниот регион |
| 9 | „Здружение за заштита промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола“ - Битола | 1.Здружение за заштита и промоција на буковската пиперка Президиум Букково - Битола<br>2. Здружение за заштита промоција и едукација за храна Слоу Фуд Осогово | Создавање иницијална листа со традиционални производи за одржливи рурални средини - СИЛОС |
| 10 | Здружение на граѓани ЕКОВИТА | Здружение на производители на органски храна Биовита - Кавадарци | Фер кон природата |

# Анализа за идентификација на теми што се од важност за потребите на локалните заедници

Во текот на периодот од мај до јуни, 2018 г. Проектот Национален рурален парламент како глас на руралното население, спроведе анализа во осумте плански региони во Македонија, со цел да ги одреди темите што се важни како одговор на потребите на руралните средини. Тие теми ќе бидат дополнително обработени преку подготовка на анализи на политики. За идентификување на проблемите и потребите на локално ниво, проектниот тим подготви прашалник што беше дистрибуиран преку осум теренски интервјуери. Прашалникот го пополнија 840 претставници од граѓанскиот сектор и локалната самоуправа. Собраните податоци од прашалниците беа квалитативно и квантитативно обработени, а како резултат на тоа беа дефинирани осум различни теми што се релевантни според наодите во секој од планските региони.

Овие активности ќе им помогнат на организациите што беа претходно вклучени во обуки за да ги развијат своите капацитети за застапување, лобирање и вмрежување, да подготвуваат анализи на политики поврзани со потребите на руралните заедници во планските региони во Македонија. Преку спроведените активности, проектот се стреми руралните граѓанските организации да постигнат поголемо влијание и поголемо учество во процесите на носење одлуки и подготовка на јавни политики.

# Првиот Балкански рурален парламент одржан во Врњачка Бања

Врз основа на богатото искуство стекнато од националните рурални парламенти ширум Европа, националните мрежи за рурален развој од Западен Балкан (Мрежата за рурален развој на Србија, Мрежата за рурален развој на Република Македонија, Мрежата за рурален развој во Босна и Херцеговина, Мрежата на организации за рурален развој на Косово, Мрежата за рурален развој на Црна Гора и Хрватската мрежа за рурален развој), во соработка со Фондацијата за равој од Турција, ПРЕПАРЕ и Латвиски рурален форум, за прв пат во историјата на рурална Европа го организираа регионалниот Балкански рурален парламент.








Првиот Балкански рурален парламент, кој се одржуваше од 26-ти до 28-ми јуни 2018 год. го посетија околу 60 претставници на граѓанскиот и јавниот сектор од Западен Балкан и Турција, претставници на Европската Комисија, националните рурални мрежи од цела Европа, меѓународните мрежи и организации и многу други рурални актери.

Главните цели на првиот Балкански рурален парламент беа:

- Да се поддржи регионалната и меѓусекторска соработка на клучните актери во руралниот развој на Балканот;
- Да се крене гласот на руралното население во Западен Балкан и Турција;
- Да се промовира самопомош и активизам кај руралното население, во партнерство со граѓанскиот и јавниот сектор;
- Да се дефинираат главни препораки за одржлив развој на руралните заедници во Западен Балкан и Турција;
- Да се дефинираат главни препораки до институциите на ЕУ и националните влади, поврзани со ЕУ интеграцијата во регионот базирана на регионалните потреби и спецификите на руралните средини.

Во рамки на настанот, беа организирани работни групи кои дискутираа на 5 различни теми:

- Младите и жените во руралниот развој на Балканот;
- Скратен ланец на снабдување и улогата на мрежите во Балканот;
- Социјалното претприемништво како можност за диверзификација на економските активности во руралните заедници на Балканот;
- Како да се користи LEADER/CLLD за побрз равој на руралните заедници во Балканот;
- Културното наследство на Балканот како можност за рурален развој.

Заклучоците и препораките од групната работа беа сумирани и интегрирани во Декларација на првиот Балкански рурален парламент, која како краен продукт на настанот ќе биде адресирана до националните власти и институциите на ЕУ.





# Активностите на ЗУР„АРТИ КРАФТ“

Годинава, здружението на уметници ракотворци„АРТИ КРАФТ“ ги одбележа петте години од своето успешно работење, со отворање на Етно Одаја во Скопје. Во Етно Одајата се изложени традиционални и етно производи, како и предмети изработени од различни етнички заедници од Македонија и од членовите на „АРТИ КРАФТ“. Особено внимание привлекуваат народните носии карактеристични за регионот на Скопска Блатија и Скопска Црна Гора, кои се сопственост на М-р Достана Караѓозоска Станковска од Скопје, колекционер на народни носии.



















„АРТИ КРАФТ“ и годинава го организираше Пролетниот базар на домашни ракотворби, во рамки на кој беше одржан избор на најавтентичен сувенир на град Скопје, во чест на големите Словенски просветители, Св.Кирил и Методиј. За тројцата најуспешни автори (Раде Станковски - прво место; Весна Величковиќ - второ место; Борис Попев - трето место), беа доделени парични награди, а наградените дела беа подарени на град Скопје.

Тридневниот настан во чест на традицијата и занаетчиството, во црквата Св. Спас, во Скопје, беше можност за членовите на „АРТИ КРАФТ“ и други уметници, да ги промовираат своите вешто изработени ракотворби, пред бројните посетители. Во рамки на програмата, земаа учество и ученици од ОУ „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, КУД „Вера Јоциќ“ од Македонска Каменица, ДМА „СРМА“ од Куманово, Модното студио на „Етно Беба“ од Скопје со модна ревија, како и легендата на македонските народни песни Виолета Томовска.

Здружението „АРТИ КРАФТ“, активно учествува на бројни семинари, работилници, и трибини, а со своите ракотворби се претстави на „Денови на треша“ во Мостар, БиХ, во јуни 2018г. и на Фестивалот на музика и уметност, во Софија, Бугарија, во јуни 2018 год.





















# Основана Локалната акциска група „БОЈМИЈА“

На 7ми Февруари 2018 година, во Домот на културата во Богданци се одржа Основачко собрание на Здружението Локална акциска група (ЛАГ) Бојмија. Основачи на Здружението се четирите општини на југот од Р. Македонија, Гевгелија, Валандово, Дојран и Богданци, а како соосновачи се регистрирани и неколку претпријатија, невладини организации и физички лица. Пристапувањето во Здружението ЛАГ Бојмија е на доброволна основа и е можно негово проширување со членови правни и физички лица од наведените општини.

Главната цел на Здружението е поттикнување и унапредување на руралниот развој со одредени активности кон приоритетно решавање на проблемите на маргинализираните и неразвиени општествени сектори во руралните подрачја. Иницијаторите на здружението Локална акциска група Бојмија изготвија Стратегија за локален развој на руралната средина за наведениот регион согласно ЛЕАДЕР принципите за идно можно користење на ЕУ предпристапните фондови и другите извори на финансирање во регионот.

За претседател на здружението е избран Ристо Атанасовски од Гевгелија, за претседател на Управниот одбор - Митко Влахов од Богданци, за претседател на Надзорниот одбор - Дарко Качаков од Дојран, за претседател на Комисијата за еваулуација на проекти - Костадин Невеселовски од Валандово.

На ден 30.05.2018, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ги додели решенијата за регистрација на Локалните Акциски Групи (ЛАГ) за запишување во единствениот регистар на Република Македонија. Меѓу нив регистарско решение доби и ЛАГ „Бојмија“, основан од правни и физички лица од општините Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран. Претседателот на ЛАГ „Бојмија“, Ристо Атанасовски, кој го прими решението, изјави дека со имплементација на изработената стратегија ќе се овозможи земјоделците и населението во руралните средини директно да ги посочат своите барања во





однос на развивањето на руралната средина и тоа не само од аспект на земјоделството, туку и од аспект на подобрување на руралната инфраструктура, развивање на руралниот туризам и подобрување на животната средина.

За оваа намена од Програмата за рурален развој за 2018 година се предвидени 10 милиони денари за анимација и едукација на ЛАГ-овите. Финансиската и административната поддршка ќе продолжи се до акредитирање на мерката ЛИДЕР преку ИПАРД Програмата.

## Проект „Акцелератор на знаење на МСП“ (МЕКА)

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија (ФЛОРИТ) во 2017 година изработи проект за зголемување на конкурентноста на МСП секторот каде што посебен акцент е ставен на микро компаниите. Потребата произлегува од тешкиот пристап до финансии и ниското ниво на апсорпција на ЕУ фондовите кои се наведуваат како едно од најголемите ограничувања на МСП секторот во Македонија. Поддршката е потребна не само во делот како да се започне сопствен бизнис, туку многу поважно, како да го управувате, развиете и направите вашиот бизнис профитабилен.

Во проектот се предвидени мерки и активности кои ќе им овозможат на микро компаниите (компании со број на вработени од 1-9 лица) да бидат конкурентни на пазарот преку подобра апсорпција на ЕУ фондовите.

Преку проектот, покрај другото, се планира зајакнување на вештините на менаџерите од ново формираните микро компании со знаење и компетенции, кои ќе им овозможат да ги развијат своите компании во успешни, одржливи и профитабилни бизниси. Токму на оваа тема, проектот организираше конференција, на 27 јуни, во Гевгелија. Најнапред на присутните гости им се обрати градоначалникот на општина Гевгелија, м-р Сашо Поцков, кој истакна дека е особено горд што присуствува на промовирање на еден ваков проект, наменет за малите и средни претпријатија со што се поттикнува поддршката и развојот на овие економски субјекти кои учествуваат и придонесуваат за локален економски развој.

„Како држава и како локална самоуправа даваме целосна поддршка на вакви проекти кои имаат за цел зголемување на мотивацијата на малите и средни претпријатија да ги користат достапните фондови на Европската унија кои им стојат на располагање не само на земјите членки на ЕУ но и на земјите кандидати за членство, како што е Република Македонија“, истакна Поцков.

Целта, целните групи, активностите и очекуваните резултати беа детално објаснети од директорот на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија, г-дин Ристо Атанасовски. За значењето на иновациите како средство за зголемување на конкурентноста зборуваше Д-р. Алек Караев.

Проектот „Акцелератор на знаење на МСП“ (МЕКА) е финансиран од Европската Унија преку Националната програма за транзициска помош и институционална надградба 2013, Инструментот за претпристапна помош (ИПА), EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK, а го имплементира Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија во партнерство со Организација на жени – Штип.



МЕКА
MICRO
ENTERPRICE
KNOWLEDGE ACCELERATOR

# Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГови во процесите на интеграција во ЕУ –„BUILDLAG”



**Опис на проектот:**

Проектот има за цел зајакнување на јавното приватно партнерство помеѓу рурални невладини организации, бизнис асоцијации и локални власти преку трансфер на знаење, најдобри практики и искуство пренесено од ЕУ за воспоставување и функционирање на Локални Акциски Групи (ЛАГ). Целни групи на проектот се македонски рурални невладини организации, бизнис асоцијациите, како и локалните власти. Вклучувањето на сите чинители во проектот ќе овозможи развој и нивно унапредување, ќе поттикне партнерства за заеднички активности и ќе значи придонес кон глобалните процеси во оваа област.

Специфични цели:

- Да се зголеми знаењето и да се зајакнат капацитетите на граѓанското општество и локалните власти за одржливо функционирање на ЛАГ преку пренесување на искуството и најдобрите практики на ЕУ.
- Да се воспостави функционално партнерство меѓу граѓанското општество и локалните власти во новата Локална Акциска Група и нејзината поддршка.
- Да се обезбедат препораки за политики за промовирање на ЛАГ и нивните придобивки.
- Да се подигне јавната свест за предностите на ЛАГ и интегрирана политика на ЕУ.

Во рамки на проектот се предвидени следните активности:

- Обука на ГО за нивно значење во ЛАГ;
- Студиска посета на ЛАГ во ЕУ;
- Воспоставување на ЛАГ во Полошкиот плански регион;
- Развој на интегрирана стратегија и акционен план на новоформираниот ЛАГ;
- Обезбедување на препораки за политики;
- Развој на веб-страница за проектот, која ќе продолжи да биде во функција како веб страна на новоформираниот ЛАГ во ППР.




**Имплементатор на проектот е:**

- ЗГ Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД

**Партнери во проектот се:**

- Локална Акциска Група Уна од Хрватска
- Асоцијацијата на млади фармери Асаја Гранада од Шпанија

**Времетраење на проектот:**

19 декември 2017 – 19 јуни 2019

**Донатор:** Европска Унија

**Вклучени институции:**

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Центар за развој на Полошкиот Плански Регион

Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.16
Јули 2018

# Преку информирани, едуцирани и обучени жени фармери до успешни агробизнисмени

Здружението „Хорти Еко“ од с. Добрејци, струмичко, започна со спроведување на проектот **“Преку информирани, едуцирани и обучени жени фармери до успешни агробизнисмени” кој** е финансиски подржан од општина Струмица, преку програмата за неформална едукација во земјоделството и поддршка на жени фармери за пренос на знаења за подобра искористеност на програмите во областа на земјоделството и руралниот развој и јакнење на капацитетите на жените вклучени во земјоделскиот сектор.



ИПАРД програмата, претставува голема можност за добивање финансиска помош во земјоделството и руралниот развој, но е достапна за оние кои се добро информирани, едуцирани и се во состојба да инвестираат сопствени средства. „Хорти Еко“ ќе започне кампања за подобрување на информираноста во врска со ИПАРД, кај жените од руралните средини, во околината на струмичко, кои активно се занимаваат со земјоделска дејност, со цел да добијат пристап до ИПАРД средствата и истите ефективно да ги користат. Во исто време, на жената фармер и недостасува можност за постојано да го надградува своето знаење и да се образува, што не само што ќе и донесе поголем профит од нејзината работа, туку и ќе ја охрабри да ги прифати политиките што доаѓаат со приближувањето кон ЕУ.





Тргнувајќи од ваквите потреби, „Хорти Еко“, во рамките на овој проект ќе спроведува еден сеопфатен модел на едукација, преку кој жената фармер ќе изгради капацитети за примена на одредени стандарди во земјоделството и ќе научи како подобро да ја планира својата работа, да го прошири својот бизнис и да ја зголеми заработувачката.

Целна група во проектот се жени од рурални средини на општина Струмица кои активно се вклучени во земјоделскиот сектор. Со овој проект, „Хорти Еко“ ќе се обиде да влијае позитивно на имиџот на земјоделството во струмичкиот регион, промовирајќи ја жената фармер како успешен агро бизнисмен и ќе го скрши митот дека земјоделството е за оние кои не успеале да си обезбедат друго вработување.

Проектните активности веќе се отпочнати и успешно се реализирани неколку обуки во делот на **Добра земјоделска пракса, Влијанието на климатските промени во земјоделството и Бизнис планирање.** Следуваат уште голем број на обуки каде ке бидат опфатени жени од руралните средини од регионот.

## Меѓународен земјоделски саем Агротика 2018 во Солун, Грција

Група од 100 фармери во организација на здружението „Хорти Еко“, од Струмица, на 03.02.2018 присуствуваа на 27-от по ред Меѓународен земјоделски саем Агротика во Солун, Грција. На саемот, земјоделците имаа можност да се запознаат со новите технологии, а беа презентирани и најновите светски достигнувања во делот на земјоделската механизација, опрема и репроматеријали.

Целта на саемската посета беше да се разменат искуства и идеи, да се види практичната примена на новите техники и технологии во аграрот како и поттикнување на нивната примена кај нас, реплицирање на иновативни начини на производство и остварување на бизнис соработка.










## Фестивал на Мелничкото вино „Златен Грозд“

Здружението „Хорти Еко“, на покана на своите соработници – земјоделски здруженија од Бугарија, по повод денот на лозарите Св. Трифун, го посети Фестивалот на Мелничкото вино „Златен Грозд“ кој традиционално, по седми пат се одржа во најмалиот град во Република Бугарија и Европа - Мелник. Ова е една од најпосетуваните манифестаци во регионот на кои беа презентирани најдобрите вина, традиционална храна, богата фолклорна програма и традиционални бугарски обичаи.

Македонските фармери имаа можност да ја посетат Винаријата Вила Мелник - модерна винарија која се одликува со најсовремена опрема за вино и посветен високо квалификуван персонал и притоа да го запознаат целосниот процес на производство на вино и да дегустираат одлични светско познати вина со посебен карактер на Мелник.

Национален рурален парламент како глас на руралното население

е - билтен
бр.16
Јули 2018

# Проект „Зголемување на вработливоста на пазарот – ИМЕ“ во Македонија

Проектот на Швајцарската агенција за развој и соработка „Зголемување на вработливоста на пазарот – ИМЕ“ во Македонија во соработка со Институтот за развој на заедницата од Тетово има за цел да го развие пазарот, при што тоа ќе доведе до подобар пристап до добри вработувања и можности за заработувачка за младите, а особено за младите жени.

Институтот за развој на заедницата во улога на локален консултант ја организираше и ја поддржа програмата преку спроведување на инфо средба – еднодневен настан што се одржа на 26 април во Тетово, но исто така го организираше и процесот за идентификација и избор на постојни советници, дистрибутери, извозници и преработувачи за органско производство и други квалификувани учесници, за да земат учество во обуката за советувачи за органско планирано производство (преку програмата за изградба на капацитети).

IME Проектот се фокусира на зајакнување на врските во синџирот на понудата, при што треба да обезбеди понуда на органски производи за заинтересираните купувачи, но и развивање на алтернативни канали за дистрибуција при зголемено производство и продажба на органски производи.

За таа цел Институтот како локална консултантска куќа:

- Го организираше процесот и ја поддржа програмата преку одржување на инфо средба за органско земјоделство во Тетово при што ги вклучи земјоделиците од полошкиот регион, пред сè фокусирајќи се на жени-земјоделки, припаднички и на македонскиот и на албанскиот етникум.
- Ги покани учесниците
- Ја поддржа програмата преку идентификување на најдобрата локација за одржување на настанот.





Целни корисници беа земјоделци од полошкиот регион со фокус на жени припаднички и на македонската и на албанската етничка заедница, и др. засегнати страни.

## Четири дневен настан – програма за градење капацитети (ОБУКА за советувачи за органско планирано производство)

### 1 – 2 јуни 2018
### 8 – 9 јуни 2018



Проектот се фокусира на активности чија цел е зголемување на свеста за органското планирано производство на постојните пазари (локален пазар и за извоз,) како и дистрибутивните мрежи и обезбедување помош за земјоделците лесно да дојдат до информации и знаење за одгледување органска храна.

За оваа цел, Институтот во улога на локален консултант го организираше процесот на идентификација и избор на постојни советувачи, дистрибутери, извозници и преработувачи на органски производи и други квалификувани учесници со цел да земат учество во обуката за советувачи за органско планирано производство (програма за градење капацитети). Четири дневниот настан беше поделен на два дела: теориски и практичен дел.

Теорискиот дел се одржа во Скопје во периодот од 1 до 2 јуни, а практичниот пак се одржа:

- на фарма во Орешани на 2 јуни – за градинарски производи;
- на фарма Струмица на 8 јуни – ПОКРОВ;
- на фарма во Куманово на 2 јуни и во Ранковце и Крива Паланка на 9 јуни – за овошје.

Проектот ги подобри знаењата кај 21 учесник во врска со органското земјоделство, а тие пак ќе советуваат други земјоделци околу органското производство на храна, конверзија кон органско производство и процес за добивање сертификат за органско производство.

# Јакнење на капацитетите на здруженијата за партиципативно учество во процесот на донесување на јавни документи и политики во земјоделството и руралниот развој

Во периодот јануари – март 2018 здружението „Рурална Коалиција", во рамките на проектот **"Јакнење на капацитетите на здруженијата за партиципативно учество во процесот на донесување на јавни документи и политики во земјоделството и руралниот развој"** финансиски поддржан од програмата Цивика Мобилитас, реализираше 8 обуки (по една во секој плански регион) на тема лобирање и застапување за претставници на локалните здруженија кои што делуваат во секторот земјоделство и рурален развој. Вкупно 160 земјоделци и претставници на здруженија имаа можност да ја поминат обуката, а истата имаше за цел да ги поттикне земјоделците многу почесто да поднесуваат граѓански иницијативи како до локалните, така и до националните власти. Дополнително во рамките на проектот беше издаден и прирачник "Застапување во земјоделството!" кој што е достапен во електронска и печатена форма на 3 јазици: македонски, албански и англиски јазик. Прирачникот е достапен на следниов линк:

http://rural.mk/публикации/

Дополнително, во рамките на овој проект се одржаа и 8 тркалезни маси на кои што беа вклучени и претставници од локални институции, земјоделци и претставници на општините, со цел разгледување на Националната програма за земјоделство и рурален развој 2018-2022, како и Програмата за рурален развој за 2018 година и давање насоки за нејзина подобра и поефективна имплементација со оглед на тоа што во моментов од истата се искористени само 35%. Предлозите и измените на програмата во вид на граѓанска иницијатива поддржана од страна на земјоделците ќе биде доставена до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на крајот на месец јули 2018 година.





## Стратешкиот развој на руралниот туризам – основа за комплементарно поврзување и надополнување на индустриската политика и одржливиот развој на РМ

Во рамките на проектот „**Стратешкиот развој на руралниот туризам – основа за комплементарно поврзување и надополнување на индустриската политика и одржливиот развој на РМ“** кој што финансиски е поддржан од Фондацијата YES Network+, како претприемачки сервис за млади, здружението „Рурална Коалиција“ реализираше теренско истражување на потребите на сопствениците на туристички капацитети во руралните средини. Беа вклучени над 120 сопственици на рурални капацитети, се одржаа 4 тркалезни маси, при што едната од нив беше и дел од Неделата на граѓански организации поддржана во рамките на кампањата на УСАИД за јакнење на граѓанското општество. Изработена е компаративна анализа на стратешките документи за развој на руралниот туризам за Македонија, Бугарија и Хрватска која што е достапна на веб страната на организацијата www.rural.mk, а на истата страница може да се најде и мапата на туристички капацитети кои што беа вклучени во проектот.





## Вклучување на родовата перспектива во главните политики на земјоделството и руралниот развој

„Рурална Коалиција“ во партнерска соработка со Националниот Совет за родова рамноправност и со Здружението за локален и рурален развој, во рамките на проектот **„Вклучување на родовата перспектива во главните политики на земјоделството и руралниот развој**“, кој што е финансиран од Европската Унија, спроведе теренско истражување со 600 испитаници (500 жени и 100 мажи) кое што ги опфати сите аспекти од делувањето на жената во руралните средини започнувајќи од нејзината економска, социјална положба, потоа положба во домот, па се до пристапот и достапноста на социјалните, здравствените, културните и останатите услуги кои што го одредуваат квалитетот на животот на секоја индвидуа. Истражувањето треба да ја утврди реалната состојба и положба на жената во руралната средина во нашето општество, но и да даде препораки како истата да се унапреди. Истражувањето се спроведуваше во 5 пилот општини: Куманово, Прилеп, Струмица, Гостивар и Струга, при што беа опфатени над 60 села во истражувањето, а беа одр-

жани и 5 средби и состаноци со претставници од подрачните единици на МЗШВ, АПРЗ, Агенцијата за вработување, ПИОМ, Центарот за социјална заштита, како и претставници на 5-те општини вклучени во активностите на проектот. Во истражувањето беа вкучени 5 локални модератори, како и 30 истражувачи кои што поминаа обука за спроведување на истражувањето, а имаа и средба за споделување на искуствата од текот на истото. Во наредниот период ќе се презентираат резултатите од истражувањето на конференција, а ќе се реализираат и обуки и информативни настани кои што ќе ги поттикнат жените од руралните средини да аплицираат во поголем број на отворените повици и фондови за рурален развој вклучувајќи го тука и ИПАРД.

## Локалната заедница и општината заеднички ја креираат стратегијата за локален економски развој

„Рурална Коалиција" го започна процесот на креирање на Стратегијата за локален економски развој во директна соработка со општина Старо Нагоричане, како дел од проектот **„Локалната заедница и општината заеднички ја креираат стратегијата за локален економски развој"**, финансиран од АЛДА. Одржани се средби со градоначалничката на општината г-ѓа Жаклина Јованоска, претставниците на локалните институции, како и жителите на општината, а се со цел да се формира локална платформа на чинители во општината кои што ќе ја креираат Стратегијата за ЛЕР со експертска поддршка.



# Проект „Младите од руралните средини за интеграција на Македонија во ЕУ“

## Партнери во проектот:

CNVP — Фондацијата за поврзување на природни вредности и луѓе (CNVP)

RURAL DEVELOPMENT NETWORK OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA — Мрежа за рурален развој на Македонија

HMRR HRVATSKA MREŽA ZA RURALNI RAZVOJ — Мрежа за рурален развој на Хрватска

NETWORK FOR RURAL DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF SERBIA — Мрежа за рурален развој на Србија

Проектот е дизајниран за да ги поттикне младите од руралните средини и граѓанските организации од Источниот и Југоисточниот плански регион во Македонија да придонесат во демократските процеси на владеење вклучувајќи ги сите засегнати страни како и поттикнување на граѓанско учество и прилагодување кон предизвиците за интеграцијата во ЕУ.

Извештајот за Младите на ЕУ од 2015 ја потенцира важноста за учеството на младите во процесот на придружување во ЕУ и развојните процеси во земјата. Воедно, ЕУ ги охрабрува земјите да создадат еднакви можности за образование на младите и на пазарот на трудот, да го промовираат граѓанскиот активизам, социјалната вклученост и солидарноста помеѓу младите.

## Цели на проектот:

1. Подобрување на капацитетот на младинските граѓански организации и младите од руралните средини за креирање и спроведување на јавните политики преку структурен дијалог со носителите на одлуки;
2. Зајакнување на капацитетите на младите од руралните средини за подобра конкурентност на пазарот на трудот.

## Очекувани резултати:

1. Зголемено знаење на младите од руралните средини за прашањата поврзани со ЕУ интеграцијата;
2. Подигање на свеста кај младите од руралните средини за зголемување на можностите за градење кариера;
3. Зајакнување на капацитетите на претставници од младински организации за младински активизам;
4. Креирање на “Регионална Младинска Платформа”;
5. Генерирање на можности за ефикасен дијалог за политиките за одржлив развој и ЕУ интеграција со посредство на Регионалната Младинска Платформа;

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Градење на капацитетите на младите со цел да станат фактор во креирањето на локалните политики за развој е целта на проектот „Младите од руралните средини за интеграција на Македонија во ЕУ“.

Проектот беше промовиран на 27.02.2018 во Скопје при што истиот е финансиран со средства од ЕУ, а го спроведуваат четири организации. Лидер на проектот е Подружницата во Македонија на Организацијата за поврзување природни вредности и луѓе (CNVP) со седиште во Хаг, Холандија, а партнери во имплементацијата на проектот се Мрежата за рурален развој на Р. Македонија, Мрежата за рурален развој на Хрватска и Мрежата за рурален развој на Србија.

На промотивниот настан беше истакнато дека проектот ќе се фокусира на младите од Источниот и Југоисточниот плански регион во Македонија каде што организациите спроведувачи на проектот ќе се обидат да ги анимираат младите и граѓанските организации што работат со младите да ги зајакнат нивните капацитети за младински активизам, градење на кариера и да ги оспособат за влијание во носењето политики на локално ниво.

Секојдневната миграција на младите од селото во урбаните центри, па и надвор од државата е сериозен проблем. Преку овој проект, ќе се адресираат потребите на овие млади на повисоко ниво, при што истите ќе се поддржат да се доближат до изворите на идеи и иницијативи, како и до финансиски средства за да ги реализираат нивните потреби.

Проектот ќе трае 18 месеци, односно до јуни 2019 година.

## Мапирање на активни рурални млади и ГО во Источниот и Југоисточниот регион

Анкетата со прашалник беше спроведена од теренскиот истражувач ангажиран од проектот, во претходно избрани средни училишта со учениците од трета и четврта година од средното образование. Изборот на училиштата беше направен со оглед на бројот на запишани ученици од мали рурални општини. Избраните општини беа: Штип, Кочани, Виница, Делчево, Струмица, Гевгелија, Радовиш (како една од поголемите општини со средни училишта). Бројот на учесници во истражувањето во различни средни училишта беше одреден пропорционално на бројот на ученици запишани во училиштата.



Како заклучок, во однос на мислењето на испитаниците од истражувањето, главните тешкотии во регионот се, покрај развојот на инфраструктурата, учеството на младите во процесите на креирање политики и одлуки, подобри информации за процесите на интеграција во ЕУ и ЕУ воопшто, како како и вработливоста на младите во регионот што предизвикува голема сума на одлив на мозоци.

Врз основа на резултатите, истражувачкиот тим препорачува развој и имплементација на следните работилници насочени кон младите од регионот:

- Младински активизам
- Методи за учество во процеси на политика и донесување одлуки
- Лидерство и други меки вештини и вештини за вработување
- ЕУ, институциите на ЕУ и интеграцијата на Македонија во ЕУ